анте поповски

# СИНА ПЕСНА



НАША
СОВРЕМЕНА
ПОЕЗИЈА

Македонска книга
Скопје — 1984

*Македонска книга, скопје — 1984*

*Анте Поповски* СИНА ПЕСНА

*Наша современа поезија*

*Анте Попоски*

# СИНА ПЕСНА

*Ликовно-графичка опрема* — КОСТА БОЈАЏИЕВСКИ

## Глаголица

И сонцето сосема се спушти
и буквите излегоа од зборот
и Исус се симна од крстот

за да те побараат

А ти, никој да не те разбере,

Како овенато јаболко заборавено на полица,
како осамен монах во пештера,
само си молчиш и сам саме си глаголиш

— некоја црна глаголица.



## Осамен човек

Са̂ ноќ собира тој ѕвезди
гледа и за оние
што тагуваа уште да гледаат.

И кога ќе зајде ноќта,
кога ќе зајде и денот и пците и птиците,
тој прашува: сѐ ли така брзо зајдува?

Како сурово дрво запретано во пепел,
само се суши и само бдее и само си тлее,
еден осамен човек — мнозинсто над сѐ.

## Јагленари

Раскопавме длабока дупка, насобравме цер,
го сloживме во неа, го потпаливме.
Кога разгоре
се нафрливме на огнот, го запретавме со пуза,
го задушивме со земја и — видовме:
земјата како му ја одзема силата на огнот
и не му дава да диши.

Огнот немаше сила да го догори дрвото —
дрвото немаше сила — одново да раззеленее.
Едното — в раце ја држеше душата на другото.
Тие низ смртта — ние низ нив,
така ја изучувавме љубовта,

така правевме јаглен од себеси.



## Можна песна

Невозможно е само сродството со зборот
да ме возобновува:

кога да налегне глувотија и коб,
небото сосема кога да ослепи,
реката сосема кога да онемее,
крстот кога да се престори меч
и окото кога демне по другото око,
недостига само една реч
и еден спокоен скок

од

високо!

Невозможно е само сродството со зборот
да ме возобновува.

## Глас

Ако чув некој глас во животот
тој секогаш доаѓаше
од карпите, од каменот.

Побожен камен! Необјатно и свето!
само молчи,
само ѕвездите ги обљубува.

Си го преместив во душата
и сега поодблиску
му го слушам гласот:

денес јас во тебе — утре ти во мене.



## Книга врзана со синџири

Велиш: видов книга врзана со синџири.
А луѓето, а дечињата во неа?
Зборовите и буквите? Што прават тие?

Луѓето и дечињата, зборовте и буквите,
запеаја една ноќ сите заедно
и со песната излегоа од книгата.

Низ едни ветришта, низ едни дождови,
се засолнија во земјата,
топла за семе и плодови.

Во книгата остана само зборот *окован*
и неколку реда синџири околу него.

## Враќање на правта

Како подовенат да си, рече едниот,
Ќе дојде време пролетва и да излезеш,
и да прошеташ, помисли другиот.

Ќе прошетам, помисли третиот, —
изгорено, јагленосано стебло
за поубаво да се распознаваат другите.



## Суша

Наеднаш се преплашија јаребиците, летнаа,
исчезнаа некаде,
се кубеа, сами се откорнуваа тревките,
врескаа, скокаа отаде денот јаренцата,
и јара, јара извикаа, јара надоаѓа.
Притисна некој препотопски оган,
се зажари карпата,
се рашири, распука а потоа почна да се цеди
од огнот,
да испарува каменот, да се суши. Јагленоса,
троа потроа,
се престори: црна грутка згура.

Постапно надојде сушата
за да се нафрли на ораниците, на семето,
на крстиците,
за да се нафрли на ветрот, на каменот,
за со свои очи да видам дека животот
се престори
во едно немушто житие, сонот во света прав
и за од камен да разберам, дека била душата,
затоа надојде сушата, затоа.

## Студови

Кога да помислиш дека сè е веќе дамнина,
кога да поверуваш дека од некого веќе ништо
не останало
ќе те разбуди нешто во сонот,
ќе ти се превсени нечија сенка во цибрината
и ќе те полази смртен студ кога да чуеш
како завива ноќе
и смрзнат како штрака со вилиците
еден осамен волк.

Што убаво му се распознаваат кога е ведро
трагите
и оној негов порив сам да скита низ темнината
и само да вие и само да завива и буди . . .



## Две стебла благуни

Излегоа од ноќта во големо молчење
едно помало и едно поголемо стебло
благуни покрај реката.

Ветар во зорите го заниша помалото стебло
и тоа му се приближи на поголемото,
се тискаше,
ги подаваше гранчињата, се виткаше кон него,
се галеше долго, се тимареше во студот,
сè дури не се покажа сонцето, и како се
извишуваше тоа на небото
така поголемото стебло фрлаше сенка врз
помалото стебло.

Една доба, кутрото, се затресе од студови
а квечерина пак се поднаведна, одново клона
кон поголемото за да се потпре, за да се
засолни во него. Но, — не смогна.
Си остана така, без смисла и без порив
за љубов

два осаменика:

ниту во студот — заедно
ниту на сонцето разделени.

## Прераскажување на Апокриф

По третпат Исус кога падна од крстот
жена се издели од толпата
и му подаде шамивче да си ја избриши

потта од лицето.

Улеше народот по маченикот, го каменуваше,
а кога му клона главата — жената им го
покажа шамивчето
врз кое се одразил ликот Исусов

дури си ја бришел потта.

Таа стигна само да се прекрсти и да рече
што направивме, долга одмазда
ќе го следи нашиот пат низ пустина:

му го одзедовме животот а изумивме
— само мртвите дека владеат над живите . . .



## Ќе ми исковаш меч

Ќе ми исковаш меч,
обичен меч,
што носи обична смрт.

Да нема врежан знак на него,
ништо да нема,
со еден замав да ги раздели нештата

за да не се повторува прободот.

Да има убав фат,
да се вглоби меѓу раката и раната
како обденица меѓу зората и ноќта.

Ќе ми исковаш меч,
не дека не ја чувствувам и неговата залудност
но, кој без него беше си ја измерил својата
вечност?

Ноќе, прободен гледам нагоре.
Мртов? Мртви? Прашувам: мртви?
Па зошто тогај би светкале ѕвездите?

## Птоломеј

Ниту нешто ми недостигаше — ниту пак
нешто имав.
Знаев само дека сум изгубен некаде меѓу
земјата и вечноста,
дека сум на едно епско патување,

знаев дека кога ми е најстудено
тогај сонцето дека е и најблиску до мене
и дека ниедна друга тајна освен смртта не постои.

Тоа го знаев и знаев дека сѐ што постои
има смисла да плови кон светлината,
знаев дека сум смртен,

но кога низ силно задоволство
следев како едно згуснато мноштво ѕвезди
се движи по својот кружен тек

јас почувствував
стопалата постапно како ми се поткреваат,
како се одлепуваат од земјата

та почнав и јас да се движам заедно со ѕвездите
зашто премногу ги сакав нив
за да се плашам од ноќта.



## Велигден

Утринава на прозорец спроти нас
пак се покажа старичката

Се затетерави низ дворот
како детенце кога проодува
и се заниша како гранче чесно дрво

и пак се засолни.

Излегла напролет старичката.
Што ми е убаво на душава,
како Велигден да ми е,

како да воскреснувам.

## Пиреј

*На Петре М. АНДРЕЕВСКИ*

Удри барабанот. Со сите мажи заедно го зедоа и
него на војна,
со свирки, со чуда, детето пред мене,
ние плачевме — тој се врти, нѝ мавта,
Враќајте се, вели, два-три дена и толку,
мала е земјата, ќе се најдеме...

Си го поведов в црква детето,
и како што се крстев, како што се молев,
гледам: невиното беше ги подало рачињата
нагоре,
се мачи да ги открадне јаболката
ставени на трпезата пред апостолите на ѕидот..

Него го нема, детево ми расте, и ниедна доба
ноќе,
Слушам некој силно тропа на вратата, ја корне,
некоја виулица ми доаѓа однекаде,
отворам, ја гледам пред мене Богородица
и ми подава бела покривка.

Зошто ми е, ја прашам, — ако, вели, нека ти се
најде,
и си замина. Помина време, се случи што
случи,



убога сама одам в црква и како што се крстев,
како што се молев,
гледам, кутрото мое дете, легнало меѓу Ристоса
и Богородица
ми мавта со рачињата, ми подава јаболка од
трпезата на апостолите.

## На македонските пазари

*(според Прадех)*

На пазарот имаше да се купи сè:

таа македонска есен
земјата зборуваше низ мајките
исправени врз плодовите

што ги попрскуваат со вода,
што ги личеа пред купувачите,
што ги милуваа со рацете

— како дечињата свои да си ги милуваат.

Една старичка седеше осамена на крајот на
пазарот
со стомне вода крај себе
и ретко кој ќе навратеше при неа.

Пред себе имаше спрострено многу шамивчиња
полни со некои златни, небесни и црни трошки
и вели: потаму има сè,
— јас само семе за цвеќиња продавам.



## Руса слика

Оваа доба секогаш ти ги полеваш цветовите во
дворот
и си потпевнуваш. Убав ветар
го краде твојот глас

и со него, врз оваа дивна квечерина,
те рисува.

Се покажуваш одново пред мене
а јас скаменет: гледам
сакаш нешто да ми кажеш

но,
ти само молчи,
— ниедна божица ништо не зборува.

## Живите ништо не знаат

На овој сињак, под ова стебло, кружам ко волк,
го душам ветрот што доаѓа од далеку
и убаво те препознавам низ него:

ти си далеку, само молчиш и само се молиш,
но, јас не знам зошто:
живите ништо не знаат.

Сѐ друго се скаменило, не трепнува.
Стои — како да не постои.
Една ти, само, корен — единак,

заврза почеток наспроти крајот
и живот —
наспроти животот нѝ

што брза, што јури недостижно . . .



## Мајсторот и мостот

Кога беше готов мостот, кога се извиши,
кога се оптегна лакот меѓу бреговите,
седна мајсторот да си почине,

да му се порадува, .

Помисли: ќе го урочам — убав е како птица!
Не, рече потоа, убав е — како лет на птица:
птиците исчезнуваат — летот им останува.

Поседе — и си замина.

Некогаш, мостот кога остана сам, почувствува
од земјата, по столбовите нагоре,
како се искачува гласот на мајсторот:

„Што беше било студено долу во историјата . . .“

„И горе на небото кога не летаат птиците . . .“
скрцка мостот и се затресе
од студ во зорите.

## Жолта птица. Дага

Дете бесцелно фрли камен во грмјето
и скорна жолта птица. Таа ги рашири крилјата
кликна и завиори како портокалово знаменце

наспроти синината.

Птицата направи круг-два и одново слета.
Кога потрча детето кон неа
таа запиша нова дага на небото

и — исчезна.

Сега, врз душата на некогашното дете
убаво се распознава тој ракопис:

Жолтата птица,
благо се искачи над детството,
го надлета животот и заедно со него

— клона, безразложно, одеднаш клона сè,
сè се престори во некоја црна прав. Во заборав. . .



## На излегување од Солун

Си тече река низ полето
        ќе се вратам ѝ вели на птицата
        ќе се вратам им вели на стебленцата
а морето јачи, а морето ја довикува

Еден жеден си стои на брегот
        тече со неа им шепти на стебленцата
        ѝ мавта на птицата
блада и сонува:

Убава река. Жива до утоката —
        мртва во морето.
        ѝ го откраднува крајот
и заедно со него

узводно по реката — до неговиот сопствен крај.

        Река што не се влева во морето
        туку — во историјата.

## Гламна

Сâ ноќ се мачи да догори во огништето
зелено стебло со глуждови на него,
со гранчиња, со ливчиња.

Се стега, се собира, се превртува од болки
во огнот и чиниш заплачува
кога да видиш како го облазуваат

капки што линеат над неговите изгорени рани
сè дури не полета јато искри нагоре.
Душата тогај како да си ја испушта.

Сето во огнови — ќе се преврти уште еднаш
и ќе распука на сите страни
— како срцето да му распукува.

Се допираш себеси. Студен. . .
јагленосано дрво во огниште.
Гламна.



## Писмо од мајка ми за црниот снег

*„. . . едно малечко сонце“ —*
*М. Цветаева*

Топло ми е на душава што слушам
зимава дека си имате божји снег
а нам црни пепелишта и вејавици
ни пратија светиците.

И црн ветар корне низ полето
и волци сâ ноќ што завиваат —
од жалости и за нив ти иде да се помолиш. . .
Само овошките на врвот и прачињата на лозјата
се црвеникави и сè друго
сосе крстовите в поле е завеано.
А крвта моја е постара од вашата
и поубаво распознава: црно му е во душата и на
бога
црн снег што ни испратил по светиците.
Им студи ли многу на дечињата?
Да можев барем едно сонце да ви пратам,
да ви го заковам на небото над вас,
за соништата полесни да ми бидат.

## Вознесение

На Вознесение, во бела облека
влезе в црква и се прекрсти
а кога погледна нагоре
Богородица веќе се симнуваше долу.

Ѝ се приближи на мама и држејќи ја за рака
ја вознесе и ја седна покрај себе,
покрај некое кладенче и сенка.

Блесна некоја јарка светлина над мајка ми
потоа се насобраа светци и светици
да ѝ бакнуваат рака.
Мајко, викнав тогај, мајко,
смисли, измисли што ѝ да е,
греота се, раскажи им на ангелите
нешто убаво и од земјата.



## Долина на детството

Камбана во висока вдахновеност се искачува
нагоре
и старичка допрена врз залезот глаголи молитва
и се крсти. Одмина потоа
и како божји знак исчезна во ноќта.

Убаво сега се сеќавам на таа девојка:
со жолто шамиче околу вратот
секоја квечерина
таа ги полеваше цвеќињата на чардакот

и пееше. Расфрлаше некои словенски знаци
наспроти небеската синина
и нѝ делеше црвени јаболка нам,

на децата.

## Кога ги излачија јагненцата

Кога фатија оние студени магли и ветришта,
пастирите ги запретаа огништата,
ги заковаа дрвенте капаци по прозорците

и тргнаа: ги потераа стадата накај морето.

Кога пукна пролетта прво дотрчаа два елена
а потоа на црвени коњи стигнаа и два пастира,
запалија големи огнови во долината

и довикаа јадри ѕвезди на небото.

По една недела се вратија и стадата
првата ноќ си легнаа заедно а утредента
на залез, ги излачија мајките од јагненцата.

Кога се дигна еден жален плач, кога врисна,
кога заблеаја, невините, кога поцрвене небото
— небаре Исуса го делеа од Богородица.



## Оро во дворот

Дури се тискаше народот во црквата,
дури палеше свеќи, дури се крстеше, молеше,
одненадеж, на некој небески глас

Циганче запеа во дворот.

Туку одеднаш ги расфрлаа одеждите, мечовите,
се вознемирија ѕидовите на црквата,
наскокаа, се симнаа од нив светците и ангелите

и за рака се фатија во дворот да си поиграат.

## Кога ја сечеа шумата

Од секој удар на секирата
јачеше гората, рикаше,
стенкаше како ранет човек.

И кога да видиш потоа само сосечени стебла
и една гола, пуста црвеница,
како рана на жив човек,

ти доаѓа само да стегнеш заби
и само да мислиш:
колку брзо може да се сосече шумата

колку долго треба да чекаш одново да израснеш.



## Преполовен човек

Денес времето ќе биде сончево и малку ветровито
и едно стебло на патот нема да се заниша,
нема да потрепери,
зашто некој беше му налегнал со секира,
му се нафрлил и го обезличил.
Останал од таа висока става само труп,
половина бој од земјата нагоре.
Денес тука ќе биде убаво за прошетка
зашто сите ќе појдеме таму каде што стеблата
се весели,
таму кајшто стеблата имаат здравје да се
довикуваат со ѕвездите
и кајшто имаат сила да носат една човечка
тежина
на себе.

Денес тука ќе биде убаво за прошетка.
Што бара преполовен човек крај преполовено
стебло?

## Старци на прошетка

Преку ден, чиниш, ништо друго нема во селото
— само птици и — само птици . . .

Квечерина пак, токму да засени сонцето,
се покажуваат неколкумина старци,
стокмени во темни облеки
и излегуваат на прошетка по ливадте.

Ним, еден по еден им се придружуваат
и другите нивни врсници
и да се возбудиш кога да ја забележиш
онаа долга, црна врвица од живи, темни знаци,
поредени еден по друг: ту се поткрева
врвицата,
ту ќе се зададе лево-десно, се ниша на ветрот,
темнее, горчи врз зеленилото.

Во залезот, потоа, ќе се чуе продолжен крик
на птица
а сонцето сосема кога ќе затаи,
кога ќе се смрачи, старците незабележано
влегуваат во ноќта и исчезнуваат во неа.

Туку утредента одново излегле тие
и пак се дале на прошетка



и како покажуваат на птиците
така врз црвенилото на залезот
им се вкрстуваат стапчињата:

ниту како мечови — ниту како свеќи
туку како живи крстови што шетаат
по зеленото.

## Љубов

Наспроти чистото небо,
стебло, чесно како молња,
осамено во полето.

Чиниш никому не треба,
чиниш — никој не помислува на него.

Туку одеднаш пламна тоа во луњата
и огнот почна да го поприма
обликот на неговото тело.

И долго гледавме стеблото и огнот
прегрнати како догоруваа:

ниту учеа од некого како да се љуби
ниту пак, јагленосани во полето,
имаа време да се разделат.



## На гости при мајка

Есени, сонцето залудно кога се отима,
кога клони по врвовите,
ти на гости при мајка . . .

Само си молчи старичката и само ти се смешка
и погледот нејзин како целов на божица
само те гали и само те жали.

Квечерина сама седи крај огништето и кога
ќе те здогледа
прета со машата и вели: пак ќе се разубави
времето
а дрва имаме и кога ќе ги догомре — ти тогај
ќе си одиш . . .

А пред нас, а зад нас:
една голема, една величествена планина
дрва,

дабје и шуми до небеса!
Ќе ги догориме и — ќе си заминам.

## Црн ветар

Што убав ветар некогаш ќе прошета по полено:

Ќе се симне од ѕвездите
да ми ја помилува плочата
ниско — под тревата
високо — над главата

Што убав ветар некогаш ќе прошета по полено. . .



## Спроти Богородица

Во благо есенско попладне спроти Богородица
дечиња си играат во дворот
викајќи и извишувајќи ги стапчињата со
изврзани крпчиња на нив

—како знаменца

настрана седат жени и како ќе удри камбаната
така ќе се исправат да се помолат,
втиснувајќи ги врз залезот

сенките на своите крстови.

Поседете, им рече старичката на сосетките,
да си се изнагледаме дури се гледа
зашто веќе се стемнува
и ноќта големее.

## ’Рвеник

Никого кога нема, времето кога се засолнило
некаде,
кога исчезнале луѓето,
ти кај си наумил, кај си тргнал сам?

Ѕидот на ’рвеникот урнат, синџирот искинат,
вратилото скршено, ведрото фрлено,
ова ли е тој ’рвеник некогаш што го
оставивме тука?

Црн биол скупчен во правта рика и завива
и гласот негов како од вечна, врз летното пладне
кове крстови од неразговетни букви.

Го врзувам синџирот, и го спуштам ведрото,
налевам вода, пliскам врз огнот на летото,
врз крстовите и гледам:

пусто кога се чини сè — одново се враќа нешто,
оживува.

Одново надоаѓа сè распеано и бујно
зашто животот не памети минато.



## Бубачка лази по каменот

Бубачка лази по каменот, си игра, враголее,
застанува, разгледува наоколу и пак се упатува
де кон изгорените тревки де кон синото островце

лишај нафатен низ времето.

Ќе застанеше тука, ќе запрпелкаше
со крилцата
начичкани со ситни црвени дамки
и позлатени со прав од некое згаснато сонце
ќе застанеше и ќе си поиграше.

На грбот на бабучката убаво се распознаваа
и еден бел крст и едно малечко сонце на
нејзиното чело

Изморена од играта се засолни полека во некоја
пукнатинка на каменот,
се скри како во голема, темна пештера.

Незбежен крај, си велам. Си поигра, милата
и сега си починува. Си има свое малечко сонце
што ѝ ја осветлува душата во мракот.

## Чекајќи ја птицата

Велиш: одлета птицата, одлета. Погледнуваш —
птицата ја нема, облак нема, пусто е небото.
Велиш: не, не одлета птицата, не одлета.
Погледнуваш
птицата ја нема, ништо нема, пусто е небото.
Велиш: не, и одлета и не одлета птицата.
Погледнуваш
ништо нема на каменот,
ништо нема на небото,
ја нема птицата,
ја нема.

Како стрела забодена во минливоста —
во залезот светка само откликот на птицата.
Ќе се вратам, вели таа, ќе долетам.
Молчиш, ракописот на твоето молчење
се искачува, лази по каменот,
го црта летот на нејзиното враќање
и велиш: ќе се врати птицата,
ќе се врати . . .



## Наспроти Ху Шјен

Жолта пеперутка ја прелета оградата,
си поигра меѓу црешите,
се вивна во небесата и одново се врати
на каменот. Запрпелка со крилцата
како да се готви пак да полета,
но, не се случи. Не дека немаше срце
за лет во небесата и не дека небото не е место
само за голема самотија
туку затоа што поривот ја учеше
дека не на небесата туку на земјата се умира
и уште знаеше дека векот ѝ е само еден ден
и немаше веќе време за лет.
Сè што беше — се случи дотогаш. Затоа таа
си легна на каменот,
се скупчи како болен човек,
и ѝ ги одвеаја потоа крилцата сосе трупот
летните вечерни ветрови.

Ете тоа ти бил животот,
жолта пеперутка со срце за лет во небесата.

## Писмо според Сандберг

Пишувај му, ѝ рече едното,
дека сите војници ме штипкаат.
И тој да ги штипне децата таму.

Таму нема дечиња, сине, рече таа,
таму има само снегови и гаврани.

Пишувај му, ѝ рече другото,
дека поштарот се крие од нас
и дека нам никој не ни пишува.

Таа пишуваше а децата заедно прашаа
што му пишуваш, мамо?

Тоа што ме учите вие, рече таа:
„Има часови празни
како лимено просјачко чиниче на дожд,
празни
како ракавот на војникот без рака“.



## Летник 1977

Полноќта одненадеж задуваа
оние улави пролетни ветришта
од кои крцкаа гредите на куќите.

Прилегаа на зелени острови,
на јајже оптегнато преку морето,
беа трага по која се враќаа плодовите . . .

И во миг изгасна запалената свеќа,
и се затресе прозорецот, се отвори,
и зад ридиштата,

отпрво некоја исконска белина
се искачи по небесата,
а потоа пукна спроти земјата, спроти душата
— свеченоста на пролетното необјатие.

## Свето писмо

Во оваа песна нема ништо друго
освен првиот врисок на детето
што им се роди утринава на соседите
и првото страмниче што зацрвенеало
ноќеска во нашиот двор.



## Ти кога би сакала

Ти кога би сакала би се случило сè:
овој ред би му го отстапил местото на поинаков ред,
во спротивна насока, би текле реките,
студот би се заменил со оган,
минатото и иднината би си ги измениле местата,
луѓето би се подмладувале,
и веќе не би мислеле наназад
а јас одново би бил на чекор-два до тебе,
потоа одново би настапил овој постоечки ред.

## Црвениот пастув

Квечерина
лежи црвениот пастув
во полето
како жив оган
фрлен од небесата.

Кога ќе излезат старците на прошетка,
кога ќе го здогледаат,
ќе скокне, ќе за'ржи
и како црвен виор низ полето
гласот негов ја корне тревата,
ги расфрла крстовите.

Уште малку да погледаа
и младоста ќе им ја вратеше,
и времето и поривот.

Туку наеднаш го снема,
палавото,
се напи вода на јазот
и гласот негов одново се искачи
високо меѓу ѕвездите.

И топот се чу на неговите копита
и — исчезна
покрај старците, отаде ноќта.



## Враќање од Тулгеш

— Ти ли си тоа малечко пиле
сето во мов, со кревки ковчиња, слепени крилца,
што се испили под моја стреа, во моја куќа?

— Крвта ме учеше, одбирај ги реките,
плови според ѕвездите, читај според коските,
и ете јас одново се вратив при тебе.

Не ми беше тешко да ги надлетам морињата,
пустињите,
најтешко ми беше на Цветник кога долетав,
во дворот кога видов знаен човек што чемрее и
клони.

Си реков: што може пиле на болна душа?
ти попеав, ти поиграв, надлетував самоти
земјата,
и видов низ мојот лет како се вознесуваш, како
оздравуваш.

— Ти ли си тоа Христово скалило по кое се
искачувам ноќва
кон отворени морија, кон студови на вечна,
таму каде што ние ќе бидеме заборавени

а убиецот веќе е светец?

## Солун. Покрај Беаз-Куле

Тука в зори доаѓа старецот и со часови
седи сам загледан во кулата.

Во неа сега нема никого и ништо,
само коските шептат нешто со прангите.

На залез, кога ќе си замине,
ребрата на селаните излегуваат од келиите

и саноќ, како крстови,
светкаат на врвот на кулата.

Дивна македонска ноќ,
солзите уште на срце исушени!

В зори одново доаѓа старецот и слуша:
коските в земи си шептат нешто

со коските на земјата.



## Највисоко

Високо —
    птицата што исчезнува
    и само летот нејзин
    што останува во вечноста.

Повисоко —
    ѕвездата што трепка над нас,
    во ноќ, во длабок мрак,
    збран за неколку векови однапред.

Највисоко —
    човекот што севезден се мачи
    да се подисправи и да го постави
    своето срце барем малку над
    земјата

    — за само нејзе да ѝ се поклони.

## Историја

Кој не помина низ животот, кој не замина,
сите запалија по некоја свеќа
и заедно со нив изгаснаа низ времето.
Само свеќата на историјата уште светка и не
гасне:
трепка над родените,
ги чека недојдените.



## Памети тој

Птицата што го надлетала, плодовите што ги
допрел,
стеблото под кое седел,
ракописот што го одгатнувал,
морињата и островите што ги сонувал,
сета оваа ветровита и гневна земја
сосе историјата, сосе коските, сосе знамињата,
а да не зборувам за ѕвездите и за сонцето,
и особено за крстот што го придружува
низ вечности —

сите тие паметат наместо него.
Велат: не умира. И мртов памети поетот.

## Дијалог

Едната војска од таа страна
другата војска од оваа страна
боиштето.

— Позајмете ни малку земја колку да ги
покриеме паднатите,
моли едната војска.

— Во битката земја не се позајмува зашто
коските ќе ни се измешаат;
одговара другата војска.

— Позајмете ни по еден куршум
колку сами да си пресудиме прав и заборав.

— Во битката куршум не се позајмува
зашто правта трагите ќе ги покрие

— Што да правиме?
Прашува едната војска

Што да правиме?
Одговара другата војска.

Едната војска од таа страна
другата војска од оваа страна
крстот.



## Вистината

Една е и налик свој нема, прилега своја нема.
Ниедно повторување не се доближило до неа.
Скаменета, окостена трае во времето,

студена и бела.

Стои така. Неверник, чиниш, мртваја,
заборавена,исчезната: во дамнините ли,
зад нив ли . . . Туку одеднаш ќе ѝ се покаже
трагата —

сенка не е! Над времето е!

Студена и бела — ти вглобен во неа
кричиш ко смрзната птица,
ко мртваја,
ко волчица.

## Човекот

Уште да одгатнеше зошто недоистечува,
од што се одбива времето
и одново се враќа во своите дамнини?

Продолжуваме отаде зборот, отаде ѕвездите
или пак во насока на нашите внуци
седнати во пештера кај тријат дрво од дрво?

На нивниот пламен ли
вечерва ми изгореа буквите, зборовите,
та не може да продолжи песната?



## Човекот и реката

Што убаво си играте:

Ти наваму — таа натаму,
ти умееш — таа не умее да се враќа назад.

Што убаво се криете:

Ти низ себеси — таа низ други,
ти се делиш — таа се составува.

Што убаво се распознавате:

Ти само — на својот сопствен пат
таа само — до утоката.

Потоа исчезнувате:

ти во темнината — таа во морето,
ти во дамнините — таа во безобличноста.

— Земјата само ќе се сеќава на вас.

## Молитва

Кога ќе ми нема веќе никаков лек,
кога ќе кренат рака и докторите и боговите,
коските кога ќе ми се расчинат на постела,
да ми остане сила само колку да помолам,
да речам — направете ми чај
од билките што ги собираше таа по ридовите,
— јас ќе се исправам и како привидение среде
маглата
ќе му запеам на огнот што возобновува.



## Ноќем. Сам покрај реката

Ноќем. Сам покрај реката.
Ѝ велам: не врти се, не застанувај,
оди! Земјата тебе те тера,
земјата тебе те прогонува,
ти се одмаздува за нешто . . .
Земјата убаво си ги распознава
своите живи грутки што шетаат по неа
и на оној кој најповеќе ја сака неа,
како на болно дете таа ќе му принесе
ковчеже полно ѕвезди
и, ќе го оземји.

Ти не врти се, оди!
Пророчка е моќта на морето.
Тоа нека одгатне
што пишуваат ноќе ѕвездите врз тебе,
тоа нека пресуди, наспроти својата вечност,
кој кого навреди повеќе:
земјата тебе, што те прогони
како неоплодена жена да исчезнеш во морето,
или пак ти — неа,
оставајќи ја како чедо мајка си,
и препуштајќи ја само
на шепотот на коските во неа . . .

Не врти се, оди!
Пророчка е моќта на морето.
Тоа нека каже чија рана никогаш нема да
зацели



## Изоче

Утринум, сâ лето,
изоче слетуваше на дрвениот крст,
осамен во полето.

Прфни, чинеше, до стеблото над себе
и одново слетај на крстот.
Сенасонце доба си заспиваше во гранките.

И наеднаш, кога задуваа ветрови есента,
кога исчезна птицата, кога ја снема,
се вознемири крстот, се растури,

од него остана само дрвцето
забодено в земја,
како стрела во срцето на легнатиот.

Си мислам: како ќе навикнеме без птица во
погледот?
После си велам: како навикнаа рисјаните
во деновите кога останаа без Исуса?

## Скаменување

Сам си се заборави на каменот,
молчиш и само си — молчиш.
Не им обраќаш внимание на ветрот,
на птиците низ него,
на бубачките околу тебе;
ја изгуби смислата
да го одгатнуваш гласот што те допира;
постапно оладуваш, белееш,
некакви жилички пушта каменот низ тебе,
некои влакнести листенца
те озеленуваат, те покриваат,
и како те одминуваат луѓето
— твоето молчење се пренесува на нив,
на еден, на друг,
па забележуваш во себе
како замолчело наеднаш сè
а само до пред малку —
немаше ниту трага камено во душата ти.

Крај?
Не!
Ќе се удриме камен од камен
колку да светне искра во мракот,
колку да се види
каков облик на исчезнување си има каменот
и колку долго памети тој.



## Војници

Сега ние сме тревки и нам ни̂ е убаво тука,
во дамнината. Само на оние —
пожолтените, изгорените стракчиња меѓу нас,
кога би можеле да им помогнеме:
дење-ноќе, невините, будни се и само бладаат
и само си ја довикуваат татковината си . . .

Ах, вие живите . . .
Кога би знаеле во какви болки
пресвиснува коската в земи,
зашто таа нема сила да си стане
и да си појде таму
за да си гние меѓу своите . . .

## Разгорување

Тие, мајките што ги бесеа на гранки
и децата за носете на мајките,
забележаа сè како се престори

овоштие над купишта черепи.

И сè сврши нагоре кога се превртија
корењето на дрвјата. Омраза тогај се престори
погледот, омраза лебот, омраза одот,

омраза водата и — зборот.

Од ништо зачна нов живот, ново воскресение.
Од грев се создаваа коските, од грев ликот што
се раѓаше,
од грев разумот,

и вртејќи се во пророчки круг,

тапаните под земја — свирките над небо,
нештата си попримија смисла:
камењето се престорија препелици

а со сонцето, скаменето сред небо,
бевме веќе двајца: силно семе
низ кое се враќаа прогонетите од своите
огништа.



## СОДРЖИНА

Глаголица — 5
Осамен човек — 6
Јагленари — 7
Можна песна — 8
Глас — 9
Книга врзана со синџири — 10
Враќање на правта — 11
Суша — 12
Студови — 13
Две стебла благуни — 14
Прераскажување на апокриф — 15
Ќе ми исковаш меч — 16
Птоломеј — 17
Велигден — 18
Пиреј — 19
На македонските пазари — 21
Руса слика — 22
Живите ништо не знаат — 23
Мајсторот и мостот — 24
Жолта птица. Дага — 25
На излегување од Солун — 26
Гламна — 27
Писмо од мајка ми за црниот снег — 28
Вознесение — 29
Долина на детството — 30
Кога ги излачија јагнињата — 31
Оро во дворот — 32
Кога ја сечеа шумата — 33
Преполовен човек — 34
Старци на прошетка — 35

Љубов — — — — — — — — — — — — — — 37
Црн ветар — — — — — — — — — — — — 39
Спроти богородица — — — — — — — — — — 40
'Рвеник — — — — — — — — — — — — — 41
Бубачка лази по каменот — — — — — — — — 42
Чекајќи ја птицата — — — — — — — — — — 43
Наспроти Ху Шјен — — — — — — — — — — 44
Писмо според Сандберг — — — — — — — — — 45
Летник 1977 — — — — — — — — — — — — 46
Свето писмо — — — — — — — — — — — — 47
Ти кога би сакала — — — — — — — — — — 48
Црвениот пастув — — — — — — — — — — — 49
Враќање од Тулгеш — — — — — — — — — — 50
Солун. Покрај Беаз-Куле — — — — — — — — 51
Највисоко — — — — — — — — — — — — 52
Историја — — — — — — — — — — — — — 53
Памети тој — — — — — — — — — — — — 54
Дијалог — — — — — — — — — — — — — 55
Вистината — — — — — — — — — — — — 56
Човекот — — — — — — — — — — — — — 57
Човекот и реката — — — — — — — — — — 58
Молитва — — — — — — — — — — — — — 59
Ноќем. Сам покрај реката — — — — — — — — 60
Изоче — — — — — — — — — — — — — — 62
Скаменување — — — — — — — — — — — — 63
Војници — — — — — — — — — — — — — 64
Разгорување — — — — — — — — — — — — 65

РЕДАКЦИЈА:

Коста БОЈАЏИЕВСКИ (извршен уредник)
Александар ЕЖОВ
Славко ЈАНЕВСКИ (главен уредник)
Мето ЈОВАНОВСКИ
Цветко МАРТИНОВСКИ
Александар СПАСОВ
Георги СТАРДЕЛОВ
Никола ТОДОРОВ (директор)
Влада УРОШЕВИЌ
Светлана ХРИСТОВА-ЈОЦИЌ

РЕЦЕНЗЕНТИ:
Александар ЕЖОВ
Иван ЧАПОВСКИ

АНТЕ ПОПОВСКИ
СИНА ПЕСНА

Коректор
ЉУПКА ЛАЗАРОВА

Издавач
Македонска книга, Скопје — 1984

Печат
Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје




886.6-1

ПОПОВСКИ, Анте
Сина песна / Анте Поповски. — Скопје : Македонска книга, 1984. — 65 стр. ; 20 см. — (Наша современа поезија)

НУБ „Кл. Охридски" — Ск.